РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2265/2
24-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК)на 55-тата седница одржана на ден 16.11.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број. 12-2265/1 од 24.06.2021 година, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што се бара мислење по предмет кој не е во доменот на законските надлежности на ДКСК.

Предметот со број 12-2265 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 24.06.2021 година, поднесена е пријава во форма на прашање односно барање мислење по кое е оформен предмет број 12-2265 од 2021 година.

Во пријавата е подносителот наведува дека неговиот брат е наставник на турски јазик во училиштето „-----------" во Општина ------------, дека има завршено на Педагошкиот факултет насока одделенска настава но и дека е ангажиран во училиштето на „несоодветно работно место".

Исто така наведува и дека друго лице е ангажирано како наставник „по несоодветен предмет" со завршено образование на Филозофски факултет на насоката педагогија.

Од усни меѓусебни комуникации подносителот добил информација дека во наредниот период во рамките на училиштето ќе се ангажираат лица со договори на неопределено време, па бара ДКСК да му се даде мислење кое од овие две лица би имало приоритет при таквите евентуални ангажирања на лица со договор на неопределено време.

По разгледувањето на предметните наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата, констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изготвил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk